# ИЗБРАНИ ПЕСНИ
## од Зоран Груески

# “Глагол”



**Скопје, Октомври 2013**

**“ЗАВИСТ”**

**Нерешлива загатка си**

**и ме гониш.**

**Мојот живот**

**го голташ низ смеа.**

**Ликувај...непостоење низаедно.**

**“ТРЕПЕРЕЊА”**

**Крв-мраз голтам,**

**крв-солзи лијам,**

**крв-мисли нижам,**

**крв-несон спијам.**

**“МИНУВАМЕ”**

**Минуваме еден крај друг.**

**Чекорот веќе не ни` е смел,**

**ниту погледот, ниту допирот.**

**Се` уште сме тука,**

**на тлото, во воздухот.**

**Од ѕвездите сме пустош,**

**а меѓу нас празнина.**

**“ВЕРУВАМ”**

**Верувам во тоа што ме допира,**

**во ликот твој,**

**во сенката што полека заминува.**

**Верувам дури**

**и во тоа во што не верувам.**

## **“ОБИЧЕН ДЕН”**

**Уморен од џагор и врева,**

**помислувам на мудроста и желбата.**

**Се` уште се сеќавам**

**на денот...толку чист...толку полн тишина.**

## **“ДЕНОТ ЗАМИНУВА”**

**Денот заминува.**

**Навестуваше некакви**

**мечтаења трошни.**

**Денот заминува.**

**Со прст на моите усни**

**ми навестува тага.**

**“JAC”**

**Тука сум.**

**Останувам.**

**Ќе го разгорам и последното**

**парче вчудоневиденост.**

**Тука сум.**

**Не заминувам.**

**Ќе сведочам за раѓањето**

**и смртта на мојата суета.**

**“УМ”**

**Во бездната на умот**

**се длабеат чудесни мисли.**

**Длабочината е нејзиниот дом,**

**нејзина играчка,**

**нејзин пад.**

**“СО ВЕТРОТ ВО МУГРАТА”**

**На ветерот да му се предадеш**

**и со него наникаде да дуваш.**

**Да бидеш виорна тага**

**и тивок заборав во себе да чуваш.**

**Во сонливи мугри**

**меѓу облаци да се криеш.**

**“(НЕ) ВОСПИТАНО ВОЗ (РАСЕН)”**

**Престани да ѕиркаш !**

**Погледот длаби во сите немоќни лаги.**

**Бесрамно зазјапан биди !**

**Огнен стремеж биди !**

## **“ЛАГИ”**

**Колан од лаги околу мојот врат.**

**Притискаат и гушат.**

**Ги чувствувам и ги слушам.**

**Што ли правам? Што ли чекам?**

## **“СЕГАШНОСТ”**

**Ме плаши кога молчам.**

**Кога во мигови полни надеж**

**нешто ми вели:**

**“Утре...утре.”**

**“МОЖЕБИ”**

**Можеби моето “можеби”**

**е плод на нечија дамнешна тага,**

**ткаена во маченички души**

**со презир кон се` што сјае.**

**Можеби твоето “можеби”**

**е плод на нечија дамнешна среќа,**

**чувана во бунар**

**кон волшебното небо како зјае.**

**Колку ли само**

**оваа запрашаност ќе трае?**

**“БУДЕЊЕ”**

**Се` уште нерасонета.**

**Завиткана е во наметка**

**од сомнежи и разиграни чувства.**

**Ме бендисува !**

**“НЕЖНОСТИ НЕБРОЈНИ”**

**Небиднината никнува нова надеж.**

**Нежности небројни насетувам.**

**Напати некоја нелагодност,**

**напати немир.**

**Но никогаш немоќ...никогаш немоќ.**

**“ТАА”**

**Ме опива твојата насмевка**

**и твоите насмеани очи.**

**Ја сакам оваа игра**

**на неми допири,**

**на неми погледи.**

**“МАЈКА”**

**Најтивок чувар сум**

**на твојот сон.**

**Дишење чекам,**

**дишење слушам.**

**Беспомошна и среќна,**

**во себе гукам:**

**“Нека трае, нека трае!”**

**“НЕ”**

**Во себе. Со себе.**

**Премрежја носам**

**од тивки стравувања.**

**Се будам, станувам,**

**седнувам, легнувам.**

**Малку нешта се променети**

**во мене, со мене.**

**“ОКТОМВРИ”**

**Есенски лисја итаат.**

**Едноличен од**

**кој ме истоштува.**

**Еве ти лузна исконска,**

**епска, ладна, иста.**

## “ХАМЛЕТ”

**Да се биде добар!**

**Но може ли злото да почека?**

**Да се биде жив!**

**Но може ли смртта да почека?**

**Да се биде!**

**А може ли?**

## “УТЕХА”

**Утеха барам**

**за мојата коба**

**над мене што вее.**

**Утеха барам**

**за мојата злоба**

**во мене што тлее.**

## **“СПОМЕН”**

**Зад себе оставам**

**пустина сува.**

**Една болка нема**

**и нешто што никој не го зема.**

## **“СУВО”**

**Минуваат години неменување,**

**недогрешено некаменување.**

**Трпеливи и безгневни чеда**

**живеат мирно во молк и беда.**

**Што дека капе, врне,**

**истура дури?**

**Пак е суво.**

**Суво.**

**“ГЛАГОЛ”**

**Никнување сум од сенка,**

**глагол сум кој чека...**

**...да живее,**

**да умее да умира.**

**Вистина сум,**

**што ми се измолкнува**

**од уста полна пцости...**

**за себе, за себе.**

**Уста сум полна немоќ и гнев.**

**Љубов сум на ветрот,**

**талкам по суво лисје**

**и итам по тебе.**

**Книга сум од суви корици,**

**прашина сум**

**и голтам букви...**

**од една младост што трепери.**

**Надеж сум закачена**

**на месечината и те молам:**

**-Симни ме...**

**или качи се и ти**

**за да ја превртиме.**

**“ЗИМА”**

**Се тетеравам во ноќта.**

**Бесмислено е.**

**Ме обвива густа магла.**

**Паѓам во прегратка на снегот.**

**Тишина.**

## “ЗАСПИВА ЕДЕН СТАР ЏЕМПЕР”

**Заспива еден стар џемпер**

**во аголот, на столот.**

**Заспива едно радио**

**и седум дупки на тепихот.**

**Заспива еден скршен прозорец**

**и под него**

**еден леген за крштевки.**

## “ЛУЃЕ”

**Со сета радост**

**и светлина во очите,**

**станувате луѓе.**

**Со сета страст**

**и трепет во телото,**

**темнината ја повикувате.**

**“СЕ КРЕВА ПРАВ”**

**Секој ден се крева прав.**

**Мора.**

**Секој ден се прикрива**

**нивниот страв.**

**Секој ден се крева страв.**

**Мора.**

**Секој ден се открива**

**само прав.**

**“ЗЕМИ ПРОБАЈ”**

**Земи пробај,**

**касни, гризни, лапни.**

**Џвакај, џвакај**

**па голтни.**

**Сега си сит.**

**Сега си наш.**

**“АЈДЕ”**

**Растури го мирисот**

**на нешто чисто,**

**на нешто ново.**

**Растури го мирисот**

**на некоја прекрасна лага.**

**Растури го мирисот**

**на нов ден,**

**на прошетка во парк.**

**Растури го мирисот**

**на испрани алишта.**

**Отвори го прозорецот**

**и дозволи ми да вдишам**

**се` што си растурила.**

**“НЕМОЌ”**

**Силен и незапирлив порив**

**да погледнам во часовникот.**

**Немам веќе сили**

**одново да се измислувам**

**пред тебе и пред телевизорот.**

**“ОСАМЕН”**

**Малечки,**

**но длабоки стапки.**

**Ги следам будно**

**и се клештам.**

**Тивко е.**

## **“ИСПОВЕД”**

**Се` повеќе можам да купувам,**

**а се` помалку сакам да пробувам.**

**Се `повеќе можам да привлечам,**

**а се` помалку посакувам.**

**Се` повеќе можам да возбудам,**

**а се` помалку се возбудувам.**

**Се` повеќе се будам,**

**за да се разбудам.**

## **“ЗОШТО”**

**Зошто црвеното не е од дрво?**

**Зошто фармерките немаат слух?**

**Зошто мобилниот телефон нема шеќер?**

**Зошто вујко ми полева моливи во четврток?**

# Attribution-NoDerivs 3.0 Unported

## You are free:

- to Share - to copy, distribute and transmit the work

## Under the following conditions:

- Attribution. You must attribute the work in the manner specified by the author or licensor (but not in any way that suggests that they endorse you or your use of the work).
- No Derivative Works. You may not alter, transform, or build upon this work.
- For any reuse or distribution, you must make clear to others the license terms of this work. The best way to do this is with a link to this web page.
- Any of the above conditions can be waived if you get permission from the copyright holder.
- Nothing in this license impairs or restricts the author's moral rights.

The document was created by CC PDF Converter